MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-269*
*3.07.2026*
*Ш т и п*

До: Државни институции, установи и правни лица кои вршат јавни овластувања односно работи кои се инволвирани во урбанистичкото планирање

**ПРЕДМЕТ:** ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА ПО ИЗГОТВЕН Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип

Почитувани,

Согласно Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 29, член 50, Ве известуваме за одржување на јавна анкета и јавна презентација изготвен Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип. Опфатот е со површина од 3,02 ха. Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.06, КО Штип 5, Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 23 јули 2026 (четврток) до 6 август 2026 год (четврток), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28 јули (вторник) 2026 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Драгана Штерјова, диа
Контролирал: Раководител на одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина, Дипл.инж.арх. Душица Узунова
*Одобрил: Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*